04-471/1

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА И ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ЕКОНОМИЈА НА СОЦИЈАЛНАТА ДРЖАВА И НАЦИОНАЛНИ СМЕТКИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје/факултетот/институтот, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 4.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области економска теорија и применета економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-303/8, донесена на 14.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Владимир Филиповски, редовен професор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, акад. Таки Фити, редовен професор во пензија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје и д-р Трајко Славески, редовен професор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области економска теорија и применета економија, по предметите: Економија на социјалната држава и Национални сметки, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Билјана Ташевска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Билјана Ташевска е родена на 12.9.1983 година, во Скопје. Средно образование завршила во 2001 година во природно-математичката гимназија „Никола Карев" во Скопје, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, на департманот Финансиски менаџмент. Дипломирала во 2005 година, со просечен успех 9,61.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, а има познавања и од францускиот јазик.

Во учебната 2006/07 се запишала на втор циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје, на студиумот Управување во јавниот сектор. Студиите ги завршила во 2011 година, со просечен успех 10,00. На 1.7.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Буџетскиот дефицит, јавниот долг и проблемот на истиснување на приватните инвестиции (crowding-out),* со што се стекнала со научен степен магистер на економски науки.

Докторска дисертација пријавила во октомври 2011 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје. Дисертацијата на тема: *Меѓузависноста на буџетскиот дефицит, јавниот долг и фискалната одржливост* ја